2021

OP!N

СЕГА
Коалиција на младински организации
www.sega.org.mk

D!GY

Erasmus+

Документ со Препораки

*Подобрување на состојбата на Младите во Прилеп преку електронско младинско учество*

## ВОВЕД

Документот со препораки / иницијативи од младите беше подготвен за време на имплементацијата на проектот „Зајакнување на младите за електронско младинско учество" чија цел е да се потенцира важноста на проблемите на младите на следните локални избори во Општина Прилеп и да се поттикнат младите кон активно дигитално младинско учество. Користејќи го методот на електронско младинско учество со користење на алатката ОПИН (www.opin.me), младите од Прилеп преку реализација на Фокус групи предлагаа нивни идеи и иницијативи за подобрување на условите за живот, но и промовирање на демократските вредности како и подобрување на дијалогот и комуникацијата на младите со донесувачите на одлуки.

На веб страната на ОПИН, беа објавени 7 предлог идеи/инцијативи од младите, кои на фокус групите беа најчесто спомнувани и за кои се младите сметаат дека треба да им се даде приоритет.

Документот со препораки се базира на основните иницијативи дадени од 60 млади при реализацијата на онлајн фокус групи и офлајн работилници (земајќи ги предвид мерките за КОВИД-19 кои беа усвоени од Владата на Р.С. Македонија). Реализираните активности се во состав на "Зајакнување на младите за електронско младинско учество" кој го спроведува Коалиција на младински организации СЕГА од март до октомври 2021 година. Проектот овозможи реализација на серија на активности за младите во Прилеп и разни алатки за поттикнување на младинското електронско учество преку поднесување на иницијативи кои ќе бидат доставени до Советот на млади во општина Прилеп, до Локална Самоуправа на Општина Прилеп и до подмладоците на политичките партии кои ќе бидат вклучени на претстојните локални избори.

## ПОЗИЦИЈА

Младинското учество во донесување на одлуки претставува консултативен процес кога младите активно учествуваат во општествените процеси кои се од нивни интерес. Ако сакаме да изградиме демократски, инклузивни и просперитетни општества, мора да ги вклучиме младите во процесот на донесување одлуки. Основен почетен и клучен елемент на процесот на донесување на одлуки и демократијата е правото на глас како уставно загарантирано право. Електронското младинско учество е нов метод кој се користи во 12 Европски земји, меѓу кои и Македонија со користење на алатката ОПИН за поставување на идеи/иницијативи од младите на локално ниво кои ги прикажуваат потребите на младите и преку нивно реализирање би се подобриле условите за живот во локалната заедница.

И покрај тоа што специфично Младинското учество, од 2020 година е законски регулирано со Законот за младинско учество и младински политики, важно е младите дополнително да имаат алатки, простор и можности и каде што е потребно да имаат поддршка за учество и влијание врз одлуките, да се вклучат во активности со цел да придонесат кон развојот на заедницата.

Локалните и националните власти со поддршка на граѓанскиот сектор треба да промовираат можности и обезбедуваат поддршка за младите луѓе. Институциите треба да ги создадат овие можности со цел младите луѓе активно да учествуваат во донесувањето на одлуки кои се од нивни интерес преку доставување на иницијативи и понатамошен дијалог за нивна реализција.

Младите како динамична социјална група, имаат потреба од зголемена поддршка од страна на институциите и право на консултација во однос на прашања кои се од нивни интерес. Младите луѓе, посебно малолетните млади, немаат простор да учестуваат во донесувањето на одлуки, а веќе имаат свои ставови кон појавите и процесите во локалната заедница кои нив ги засегаат.

ОПИН како алатка за електронско младинско учество обезбедува простор за младите да го пренесат своето мислење до донесувачите на одлуки на локално ниво и со тоа значително да придонесат кон демократскиот развој на локалната заедница.

OPIN е се во едно, дигитална и мобилна алатка која лесно може да се вгради во веб страните на младинските организации и јавната администрација. Оваа алатка е создадена со цел обезбедување квалитетна поддршка во процесот на учество. Насочена е кон давање практични совети, алатки за проектен менаџмент и помош при изработка на план и пронаоѓање на идеални алатки за остварување на целта.

# АНАЛИЗА ЗА СОСТОЈБАТА

Демократијата во Р.С Македонија има потреба од повеќе активни граѓани да бидат повеќе вклучени во процесите на донесување одлуки. Истражувањата покажуваат дека македонските граѓани се недоволно или не учествуваат во процесот на креирање и донесување одлуки. Само 25% од интервјуираните институции изјавиле дека понекогаш ги консултираат граѓаните преку механизмите за е-учество при донесување на одлука.

Фактот дека младите користат социјални мрежи, гласаат, лајкуваат, коментираат и критикуваат на различни теми поврзани со нивната заедница, покажува дека реалноста е поинаква и младите сакаат да бидат вклучени, но на поинаков начин. Според новите трендови, креаторите на политиките треба да се прилагодат и да побараат начини од младите луѓе да бидат лесно достапни, користејќи нови технологии. Преку основањето на ОПИН како алатка за е-учество и зголемување на младинската свест за тоа, младите во Прилеп ќе пристапуваат кон стандардите за младинско е-учество и ќе се развиваат во активни граѓани кои ќе придонесуваат во нивната заедница. ОПИН, се користи како алатка за зголемување на младинското е-учество и влијае на подобрување на процесите на одлучување на локално ниво.

# ПРЕПОРАКИ / ИНИЦИЈАТИВИ СОБРАНИ ОД МЛАДИТЕ ПРЕКУ ОПИН

Во согласност со позицијата утврдена со овој документ, учесниците на фокус групите и на работилниците ги дефинираа следните 7 иницијативи/препораки до креаторите на младински политики на локално ниво во Општина Прилеп.

## 1. Младински културен центар

Изградба/отворање на Младински културен центар кој ќе биде наменет за активности во кои ќе можат да се вклучат младите во Прилеп, со тоа што ќе им се овозможат простории за културни настани (концерти, ликовни галерии, драмски секции, филмски проекции, кафе – бар, едукативни работилници од неформално образование и семинари и простории за млади каде што младите од Прилеп ќе имаат можност да волонтираат и да се дружат.

Прилеп има голем број на талентирани и активни млади од различни области кои немаат можност и поддршка за промоција и развој. За таа цел, младите од општина Прилеп имаат потреба од отворање на Младински културен центар, простор каде што ќе можат квалитетно да го поминуваат слободното време, да разменуваат идеи, да се надоградуваат, да посетуваат работилници на теми кои ќе бидат корисни за нив, слободно да се изразуваат, а со тоа и да се поткрене свеста кај младите за да се направи нешто поразлично.

Главна цел на Младинскиот културен центар ќе биде промоција и развој на културните вредности во Прилеп, но и место за дружење, размена на идеи и вредности, место за слободно изразување на младите кои сакаат да бидат вклучесни во такви активности.

Младинскиот културен центар ќе биде место каде што ќе се реализираат културни настани и активности од различни домашни и меѓународни иницијатори/креатори, како и создавањето на врски меѓу нив и надминување на културната бариера. Младинскиот центар би имал своја развиена програма која ќе вклучува голем број на активности за млади како што се: изложби, театарски претстави, филмски проекции, ликовни изложби, танц-друштва, концерти, промоции, работилници и ќе работи како сервис на невладините организации, Општината и индивидуални уметници во Прилеп.

Предлог локација за Младинскиот културен центар  е Центарот за култура „Марко Цепенков“ и просториите со кои истиот располага, како и многу други објекти и простории со кои располага Општината.

## 2. Младински совет/Совет на млади

Младите во Прилеп се изјаснија дека имаат потреба од Младински совет/Совет на млади кој ќе има активности да поднесува предлози до Комисијата за општествени дејности и правата на децата при Советот на општина Прилеп, да предлага мерки за остварување и спроведување на одлуките и програмите за грижа на младите, да организира работилници, предавања, трибини, манифестации и други активности во врска со младинските прашања, да поттикнува и соработка со Советите на млади од сите општини во земјава.

Младите предлагаат Советот на млади да работи по креирана Стратегија на млади која што ќе има за цел да ја подобри општата состојба на животот на младите во општина Прилеп, а воедно и да ги поддржува нивните иницијативи и идеи.

Согласно законот за Младинско учество и младински политики, Општина Прилеп е обврзана да донеси одлука за формирање на Совет на млади.

## 3. Кино и театар

Младите од Општина Прилеп имаат потреба од кино и театар. Сметаат дека треба да се зголеми бројот на културни настани со цел да се збогати културниот живот на младите од општина Прилеп.

Киното и театарот имаат најголемо влијание во современиот живот, а воедно се и форма на уметност, покрај литературата, играта, сликарството и музиката. Киното и театарот се комбинација на технологија, бизнис, забава и естетика и сите тие имаат важна улога во светот на младите.

## 4. Затворен базен

Отворањето на затворен базен е идеална можност и место каде младите ќе можат рекреативно и забавно да го поминуваат слободното време во текот на целата година, а не само преку летниот период. Во Прилеп за време на летниот период има неколку базени кои се отворени за сите млади и граѓани, но тоа е многу краток период за оние кои сакаат професионално да се занимаваат со пливање.

Со отворањето на затворен базен ќе отвори можност за да се формираат пливачки клубови каде би членувале деца и млади, надежни пливачи кои би постигнувале добри резултати на државни и меѓународни натпревари. Со тоа ќе се зголеми спортскиот дух на младите и идните генерации во Прилеп.

5. **Вештачка карпа**

Спортското качување е релативно нова дисциплина кај нас која е многу популарна во светот поради исклучително вредните спортски содржини и можностите што ги нуди. Вештачите карпи се најчесто метални конструкции врз кои се инсталирани ПВЦ или дрвени табли, на кои има поставено навои за монтирање на фаќалишта. Вештачките карпи уживаат голема популарност во качувачкиот свет поради нивната функционалност како тренинг и натпреварувачки центри и како и едноставната прилагодливост и можност за поставување на креативни насоки. Насоките на вештачка карпа се направени со помош на фаќалишта и газилишта во разни форми и големини, а при качување качувачот се обезбедува на поставените карабинери. Насоките на вештачка карпа ги поставуваат обучени и искусни поставувачи (рут сетери). Официјалните натпревари во спортското качување, тренинг програмите како и масовната комерцијализација на овој спорт се одвиваат исклучиво на вештачки карпи.

Поставувањето на вештачка карпа е одлична можност за развивање на алтернативните спортови во Прилеп, како и можност плус за младите генерации да се насочат на правилен раст и развој преку спортските активности, и да се посветат на здрав живот со натпреварувачки дух.

6. **Еколошки акции**

Грижата за средината во која живееме треба да биде еден од главните приоритети кога се работи на подобрување на животот. Не само за младите, туку и за целата заедница. На фокус групата со млади која се одржа онлајн, тие искажаа дека само со реализација на поголем број на еколошки акции кои би вклучиле млади би можело да дојде до степен на зголемување на свеста кај младите, па и кај останатите граѓани на општината за заштита и грижа на животната средина.

Она што младите го предложија е редовно да се одржуваат еко-акции во Прилеп и околината, да се наместат знаци за да не се фрлаат отпадоци, контејнери и корпи за отпадоци на оние места каде што нема поставено.

Младите предложија да се забрза и со изградбата на гасоводот во градот, се со цел да се намали загадувањето на воздухот.

7. **Парк за миленици**

Преку дискусија младите донесоа заклучок дека во општината фали и место (парк) или заграден простор за миленици каде што сопствениците би можеле да ги носат милениците таму.

Тој простор би бил наменет само за дружба со миленици, а со тоа и не би се нарушувал јавниот ред и мир, кога сопствениците ги водат на прошетка своите миленици на било кое место во градот.

Во тој простор, милениците би можеле да се пуштат да трчаат и да играат без да сметаат на околината и луѓето.

ПОДДРШКА НА ПРЕДЛОЗИТЕ / ИНИЦИЈАТИВИТЕ ОД ЛОКАЛНИ САМОУПРАВИ

• Обезбедување на материјална, техничка, професионална, инфраструктурна и морална поддршка и активно вклучување во организација на настани за млади.

• Овластување на вработен од општината, чија главна функција ќе биде младинскиот сектор и координација на Советот на млади за реализација на понудените идеи / иницијативи.

• Обезбедување на непрекината работа, поддршка, поттикнување, препознавање, признавање, промоција и активно вклучување во креирање на младински политики на локално ниво преку користење на ОПИН како алатка за е-учество.

• Одржување на задолжителни состаноци на општинските тела и органи со Советот на млади на определен временски рок за меѓусебни консултации и координации за планирани и тековни активности.

• Презентирање на иницијативите на седниците на Советот на општината со можност за нивно внесување во програмата на работа на општината за 2022, лобирање за истите и застапување во интерес на младите.

• Реализација на понудените иницијативи од младите со цел подобрување на условите за живот на младите.

ПОНАТАМОШНО КОРИСТЕЊЕ НА ОПИН АЛАТКАТА

• Поставување на ОПИН алатката на веб страната на општина Прилеп со цел собирање на иницијативи од младите.

• Соработка со СЕГА и локални НВО на проекти поврзани со електронско младинско учество.